**О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**15-ти Ноември 2021 година, Гевгелија** Број 11 Година XXXX

Врз основа на член 38 став (1) алинеа 38 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на Општина Гевгелија

1.Во Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на Општина Гевгелија се избираат претседател и четири членови, и тоа:

Запретседател:

- **Слаѓана Стаменковска**, член на Советот на Општина Гевгелија.

За членови:

- **Надица Ристовски**, член на Советот на Општина Гевгелија,
- **Андријана Бегова**, член на Советот на Општина Гевгелија,
- **Виктор Кралев**, член на Советот на Општина Гевгелија,
- **Александар Пандовски**, член на Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1677/1<br>12.11.2021 год.<br>Гевгелија

Претседавач<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2021 година, по расправата по Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на Општина Гевгелија, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на Општина Гевгелија за верификација на мандатот на членовите на Советот на Општина Гевгелија.

Се верифицира мандатот на следниве членови на Советот на Општина Гевгелија: Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1678/1<br>12.11.2021 год.<br>Гевгелија

Претседавач<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 38 став (1) алинеа 38 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на Општина Гевгелија**

1.Во Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на Општина Гевгелија се избираат претседател и членови, и тоа:

За претседател:

-**Сашко Стојиловски**, член на Советот на Општина Гевгелија.

За членови:

- **Ѓорге Попов**, член на Советот на Општина Гевгелија,

-**Златко Митров,**член на Советот на Општина Гевгелија,

**- Билјана Демерџиева**, член на Советот на Општина Гевгелија,

- **Миле Атанасов,**член на Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1679/1
12.11.2021 год.
Гевгелија

Претседавач
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член на 27 став (1) од Законот за семејството ("Службен весник на РМ" бр.80/92, 09/96, 38/04, 83/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 год. и "Службен весник на РСМ" бр.53/21 год.) и член 38 став (1) алинеа 43 од Статутот на Општина Гевгелија ( "Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.11.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

## за определување членови на Советот на Општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на Општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се определуваат членовите на Советот на Општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на Општина Гевгелија.

### Член 2

Секој член на Советот на Општина Гевгелија независно дали има живеалиште на матичното подрачје за кое се водат матичните книги на венчаните може да присуствува при склучување на брак.

### Член 3

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на членовите на Советот на Општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија бр.09-1940/1 од 26.10.2017 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.15/17 год.).

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 1680/1
12.11.2021 год.
Гевгелија

Претседавач
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**, с.р.

# СОДРЖИНА:

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**1.Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на Општина Гевгелија……...........................................................................................................761**

**2.Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на Општина Гевгелија за верификација на мандатот на членовите на Советот на Општина Гевгелија.........................762**

**3.Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на Општина Гевгелија……...........................................................................................................763**

**4.Одлука за определување членови на Советот на Општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на Општина Гевгелија………...................................................................................................764**

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба

Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи